РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА "8 СЕПТЕМВРИ"
BORDI PËR NDARJEN E ÇMIMIT "8 SHTATORI"

Бр.-Nr. 08-830/4

27-04-2026 20 ___ год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

**Одборот за доделување на државната награда „8 Септември" врз основа на членот 24 од Правилникот за работа на Одборот за доделување на наградата „8 Септември" бр. 08-1673/1 од 29.07.2022 година, распишува**

# КОНКУРС
## за доделување на државната награда „8 Септември" во 2026 година

Со државната наградата „8 Септември" се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот.

Во една година можат да се доделат најмногу до пет награди, од кои една награда е за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план.

Со наградата „8 Септември" за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, се оддава признание на тренери (селектори и тренери) и спортски работници заради промовирање на Република Северна Македонија во светот со остварени високи спортски резултати во меѓународниот спорт со кои се дава исклучителен придонес за развој на спортот во Република Северна Македонија.

Иницијатива за доделување на:

-Наградата „8 Септември" за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план, ја доставува матичната национална спортска федерација, поддржана од најмалку десет национални спортски федерации. Една национална спортска федерација може да даде поддршка на само три кандидати за Наградата за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план. Кандидатите при поднесување на иницијативите задолжително да приложат документ со кој што ќе се потврди поддршката донесена и верификувана на седница на управен одбор од соодветната национална спортска федерација.

-Четирите награди „8 Септември" со кои се оддава признание на спортисти, тренери и спортски работници за остварувања во областа на спортот може да достават поединци, спортски клубови, национални спортски федерации и други организации од дејноста спорт.

Паричниот износ на државната награда „8 Септември" изнесува десет (10) просечни месечни плати во Република Северна Македонија исплатени во последните три месеци во тековната година.

На наградениот за животно дело за исклучителен придонес во развојот на спортот, афирмацијата и промоцијата на Република Северна Македонија на меѓународен план му се доделува плакета, диплома и паричен износ.

Паричниот износ на наградата „8 Септември" за животно дело е доживотна месечна исплата на една просечна плата исплатена во последните три месеца на тековната година.

Подносителите на иницијатива за доделување на државната награда треба детално да ја образложат иницијативата. Во текстот треба да се содржани и: биографски податоци, адреса на живеење, податоци за остварените резултати во областа во којашто е постигнато остварувањето и други документирани податоци и аргументи за кои се смета дека ќе придонесат во оценувањето.

Подносителот на иницијативата мора да го наведе своето целосно име и презиме, назив, фирма, адреса и телефон. Иницијативата (во комплетирана форма, вклучително и прилозите) да се достави во 20 примероци.

**Конкурсот трае од 30 април до 28 мај 2026 година.**

Иницијативите треба да се доставaт на адреса:
***Министерство за спорт - Одбор за доделување на државната награда „8 Септември", ул.„Македонија" бр. 38, Палата „Панко Брашнаров" - Скопје.***

Некомплетните иницијативи и инцијативите доставени по утврдениот рок за прием по Конкурсот нема да бидат разгледувани.

Претседател
на Одборот за доделување на
државната награда „8 Септември"
Борче Костовски